ФЕРШПЕД АД Скопје

Годишно Собрание

**Друштво за меѓународна и внатрешна**
**шпедиција со јавни и царински складишта**
**ФЕРШПЕД АД**
**Бр. 02 - 1171 /03**
**31.05.2024 година**
**Скопје**

Врз основа на член 56 од Статутот на Друштвото за меѓународна и внатрешна шпедиција со јавни и царински складишта ФЕРШПЕД АД Скопје, и член 487 став 1, 2 и 4 од Законот за трговски друштва, Годишното Собрание на акционери на својата седница одржана на ден 31.05.2024 година ја донесе следната:

# ОДЛУКА

за исплата на дивиденда со дивиденден календар

**Член 1**

Се одобрува исплата на дивиденда од акумулирана нераспределена оданочена добивка на Друштвото од минати години во бруто износ од 11.738.160 денари.

Дивидендата во бруто износ по акција ќе изнесува 720 денари.
Дивидендата ќе се исплатува во готово, на трансакциските сметки на акционерите.

**Член 2**

Датумите за исплата на дивиденда се утврдуваат по следниот дивиденден календар:

- Последен ден на тргување со право на дивиденда е 17.06.2024 година.
- Прв ден на тргување без право на дивиденда 18.06.2024 година.
- Датумот на евиденција според кој се определува листата на акционери кои имаат право на дивиденда е 19.06.2024 година.

**Член 3**

Дивидендата ќе се исплати во законски предвидениот рок, а најдоцна до 30.09.2024 година.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

**Образложение :**

Годишното собрание на акционери на ФЕРШПЕД АД Скопје на својата седница одржана на ден 31.05.2024 година согласно одредбите од Законот за трговски друштва и Статутот на друштвото донесе одлука како во диспозитивот.

**Годишно собрание на акционери**
**Претседавач**

Елена Спиреска Кочевска